Врз основа на член 27-б став 6 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.31/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 26 октомври 2021 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за утврдување на категорија на угостителски објект**

1. Со оваа решение се утврдува дека угостителскиот објект хотел Мирор со седиште на ул. 11 бр. 32 Петровец, Скопје, ги исполнува условите за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди супериор, со период на важност од три години сметано од денот на влегувањето во сила на ова решение.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.
3. Ова решение заедно со Извештајот за извршена категоризација на угостителскиот објект се објавуваат на веб-страницата на Владата на Република Северна Македонија.

**Образложение**

ШКОТА ТРАНС ДОО со седиште на ул. 6 бр. 7 Петровец, Скопје поднесе Барање бр. УП1-13-950 од 8.7.2021 година, за утврдување на потребните услови на угостителскиот објект хотел Мирор, со седиште на ул. 11 бр. 32 Петровец, Скопје, за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди супериор.
Комисијата за категоризација на угостителските објекти, постапувајќи по Барањето изврши увид на предметниот објект при што со Извештај бр. УП1-13-950 од 23.9.2021 година констатира дека истиот ги исполнува условите за хотел од втора категорија со четири ѕвезди супериор, пропишани со Правилникот за услови за категоризација на објектите за сместување за вршење на угостителска дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 41/13).
Врз основа на член 27-б од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.31/20), Владата на Република Северна Македонија на предлог на Комисијата за категоризација на угостителските објекти за сместување донесува решение за утврдување на категорија на угостителските објекти за сместување.
Согласно член 27-б од Законот за угостителската дејност, решението за утврдување на категорија на угостителскиот објкект за сместување се издава со важност од три години од денот на издавањето.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на Решението.

**Бр. 40-10668/1**
**26 октомври 2021 година**
**Скопје**

**ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**dr. Artan Grubi**